# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## на општина Новаци

## Број 05/14

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК ОПШТИНА НОВАЦИ

**Излегува по потреба- 05.03-2014 година. Среда-Бр. 05, година XVIII**
**.Ж-ска 749014004563010 Депонент Народна банка на Македонија;**
**E-mail: Novacio@T-home.mk Примерок 50 денари**

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

### ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за финансирање на противпожарна единица

1.Ја објавувам Одлука за финансирање на противпожарна единица, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 28.02.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-278/1
04.03.2014год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 6 став 2 и 3 од Законот за пожарникарство („Службен весник на РМ„ бр.67/04), како и врз основа на член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа на РМ („Службен весник на РМ„ бр.5/2002 година) и согласно член 21 и 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 28.02.2014 година ја донесе следната

### О Д Л У К А
За финансирање на противпожарна единица

**1.**Советот на општина Новаци донесе Одлука за финансирање на противпожарна единица формирана во општина Битола која го покрива подрачјето на општина Новаци, а со цел да се зголеми оперативноста и мобилноста на територјалната противпожарна единица од Битола, која своите активности ги спроведува и во општина Новаци за подобрување на безбедноста и заштитата на граѓаните, имотите и животната средина од пожари.

**2.**Општина Новаци, согласно Законот за пожарникарство ќе ангажира **3 (три**) лица во ДПД ПЕГАЗ-Битола, и истите ќе бидат на располагање на територијалната противпожарна единица во Битола за период од:**03 (три)** месеци, **од 01.03 до 31.05.2014**година .

**3.** Општина Новаци учествува во финансирањето на територјалната противпожарна единица која го покрива и подрачјето на општина Новаци со ангажирање на 3 (три) лица и финансиски средства износ од **12.000,00 денари** за секое лице поединечно.

Лицата ќе се ангажираат за временски период од 3 (три) месеци.

Средства во износ од **36.000,00 денари** за секој месец, ќе се обезбедат од Буџетот на општина Новаци за 2014 година.

**4.**Средствата ѓе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

**5.**Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе се објави во „ Службен гласник на општина Новаци„

Бр.07-250/4
28.02. 2014 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

1.Ја објавувам Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација , донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 28.02.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-278/2
04.03.2014год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 21 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„) а во согласност со Правилник за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Р.М.„ бр.56 од 15.04.2011 година), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 28.02.2014 година да ја донесе следната

ОДЛУКА
за вклопување на бесправно изграден објект во идна
урбанистичко-планска документација

Член 1

СЕ ОДОБРУВА вклопување на бесправно изградениот објект на КП 185- КО Гнеотино во идната урбанистичко-планска документација за село Гнеотино, по барање на Митревска Славка бр. 10-1083 од 01,09,2011 (09-590 од 24,12,2013).

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.07-250/5
28.02. 2014 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

## ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за отпочнување на постапка за донесување Локална урбанистичко-планска документација за објект со намена В4, КО Новаци

1.Ја објавувам Одлука за отпочнување на постапка за донесување Локална урбанистичко-планска документација за објект со намена В4, КО Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 28.02.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-278/3
04.03.2014год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/02), член 15, став 1 точка 1 од Статутот на Општина Новаци (Сл. гласник на Општина Новаци бр. 5/05), а во согласност со член 7 од Законот за просторно урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 51/05, бр.70/13, бр. 55/13, бр. 163/13), Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2014 година бр. 07-93/12 од 29.01,2014, Советот на Општина Новаци на седница одржана на ден 28.02 2014 година донесе:

## ОДЛУКА

за отпочнување на постапка за донесување Локална урбанистичко-планска документација за објект со намена В4, КО Новаци

### Член 1

СЕ ОДОБРУВА отпочнување на постапка за донесување Локална урбанистичко-планска документација за објект со намена В4, КО Новаци, во село Новаци.

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.07-250/6
28.02. 2014 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.,„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци,„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистички планови за населените места: Новаци, Рибарци, Гермијан, Живојно, Градешница и Старавина

1.Ја објавувам Одлука за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистички планови за населените места: Новаци, Рибарци, Гермијан, Живојно, Градешница и Старавина, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 28.02.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-278/4
04.03.2014год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/02), член 15, став 1 точка 1 од Статутот на Општина Новаци (Сл. гласник на Општина Новаци бр. 5/05), а во согласност со член 7 од Законот за просторно урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 51/05, бр.70/13, бр. 55/13, бр. 163/13), Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2014 година бр. 07-93/12 од 29.01,2014, Советот на Општина Новаци на седница одржана на ден 28.02.2014 година донесе:

ОДЛУКА

за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистички планови за населените места: Новаци, Рибарци, Гермијан, Живојно, Градешница и Старавина

**Член 1**

**СЕ ОДОБРУВА** отпочнување на постапка за изработка на Урбанистички планови по програма за приоритетна изработка согласно член 16 став 4 од Законот за просторно урбанистичко планирање за селата: **Новаци, Рибарци, Гермијан, Живојно, Градешница и Старавина.**

**Член 2**

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила на денот на донесување и ќе се објави во Службен гласник на Општина Новаци.

Бр.07-250/7
28.02. 2014 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пецо

СОДРЖИНА Страна

1.Заклучок за објавување Одлука за финансирање на противпожарна единица 1

2. Заклучок за објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација 2

3. Заклучок за објавување Одлука за отпочнување на постапка за донесување Локална урбанистичко-планска документација за објект со намена В4, КО Новаци 3

4. Заклучок за објавување Одлука за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистички планови за населените места: Новаци, Рибарци, Гермијан, Живојно, Градешница и Старавина 4

**Издавач:**
Совет на општина Новаци:
**Редакција:**
Ангелевски Стевче-одговорен уредник
Редакциски одбор:
Момоковски Ристе
Јовановска Летка
**Печати**: Совет на општина Новаци
**Тираж:** 20 примероци